Grant Thornton

# Извештај за независно разумно уверување

Цементарница УСЈЕ АД Скопје

# Содржина

Извештај за независно разумно уверување 1

Прилог 6

# Извештај за независно разумно уверување

**Grant Thornton DOO**
Sv.Kiril i Metodij 52b-1/20
1000 Skopje
North Macedonia
**T** +389 (0)2 3214 700
**F** +389 (0)2 3214 710
**E** Contact@mk.gt.com
VAT No. 4030003475973

До Раководството на Цементарница УСЈЕ АД Скопје

## 1. Опсег на ангажманот

Ние бевме ангажирани од Раководството на Цементарница УСЈЕ АД Скопје (во понатамошниот текст „Друштвото") да направиме извештај за изразување на разумно уверување во однос на процесот на одобрување на трансакции со заинтересирани страни – Шаррцем Ш.П.К, Република Косово (заинтересирана страна), од страна на акционерите на Друштвото.

На 16 мај 2023, акционерите на Друштвото усвоија Одлука за одобрување на трансакции со заинтересираната страна, а во врска со купувањето на цемент, шармал и петролеум кокс (повикување на Додаток 2). Трансакциите на Друштвото со оваа заинтересирана страна се дополнително регулирани со следниве договори и односни додатоци (повикување на Додаток 3).

- Договор бр. 03/1200 од 20.12.2022 за купопродажба на цемент и шармал;
- Договор бр. 03/1219 од 23.12.2022 за купопродажба на микронизиран петролеум кокс;
- Анекс 1 од 24.02.2023 кон Договорот за купопродажба на цемент и шармал;
- Анекс 1 од 09.03.2023 кон Договорот за купопродажба на микронизиран петролеум кокс;
- Анекс 2 од 31.07.2023 кон Договорот за купопродажба на цемент и шармал.

## 2. Предмет на ангажманот и идентификација на критериуми

Нашиот ангажман беше во согласност со Член 460а од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. 28/2004...99/2022). Согласно оваа регулаторна одредба раководството има обврска да добие извештај за изразена разумно уверување изработен од страна на независен ревизор во случај вредноста на трансакцијата или кумулативната вредност на меѓусебно поврзаните трансакции реализирани во изминативе 12 месеци од датумот на одобрување на трансакцијата на заинтересираната страна да изнесува 10% или повеќе од вредноста на средствата на Друштвото утврдени врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи (повикување на Додатокот 4). Согласно ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за годината која завршува на 31 декември 2022, вкупните средства на Друштвото изнесуваат 92,361 илјади евра. Кумулативниот износ на реализираните трансакции на цемент и шармал согласно договорите до 31.08.2023 изнесува 16,339 илјади евра, што претставува 17.69% од вкупните средства на Друштвото, додека кумулативниот износ на реализираните трансакции на петролеум кокс согласно договорите до 31.08.2023 изнесува 1,940 илјади евра, односно 2.10% од вкупните средства.

Согласно изведените процедури и прибраните докази, независниот ревизор има обврска да даде мислење за тоа дали трансакцијата со заинтересираната страна е во согласност со владејачките регулативи во државата, дали трансакцијата со заинтересираната страна е правична, односно дали вредноста на трансакцијата се одредува во согласност со пазарните услови, дали има непропорционалност во однос на заедничките интереси на страните, дали има некои други факти и околности кои може да претставуваат основа за предизвикување штета со давање на препораки на малцинските акционери за тоа дали да ја поддржат зделката со заинтересираната страна.

Grant Thornton DOO is a member firm of Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL and the member firms are not a worldwide partnership. GTIL and each member is a separate legal entity. Services are delivered by the member firms. GTIL does not provide services to clients. GTIL and its member firms are not agents of, and do not obligate, one another and are not liable for one another's acts or omissions.

## 3. Одговорност на Раководството

Раководството на Друштвото е одговорно за:

- Утврдувањето, договарањето и изведувањето на трансакциите со заинтересираната страна во согласност со регулаторните одредби од Членовите 460 и 460а од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. 28/2004....99/2022),

- Подготовката, правичното изнесување и точноста на релевантните податоци кои се неопходни за да се направи проценка и евалуација на усогласеноста на трансакциите на заинтересираната страна со Членовите 460 и 460а од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ, бр. 28/2004...99/2022), и

- Изведбата, спроведувањето и одржувањето на внатрешната контрола која е релевантна за подготовката на горните податоци и информации кои се ослободени од материјални погрешни прикажувања, независно дали се поради измама или грешка.

## 4. Одговорност на Ревизорот

Нашата цел беше да направиме евалуација на усогласеноста на трансакциите на Друштвото со заинтересираната страна согласно критериумите утврдени во Член 460а од Законот и да дадеме независен заклучок за разумно уверување врз основа на добиените докази.

Нашиот ангажман за изразување на разумно уверување беше во согласност со Меѓународниот стандард за ангажман со изразување на уверување (ISAE) 3000, Ангажманите за изразување на уверување кои се разликуваат од Ревизиите или Прегледите на историски финансиски информации издадени од страна на Одборот за меѓународни ревизии и стандарди за изразување на уверување. Согласно овој Стандард, ние имаме обврска да постапуваме во согласност со етичките барања и да го испланираме и изведеме нашиот ангажман за изразување на разумно уверување со цел да добиеме доволно соодветни докази за тоа дали предметната материја дефинирана во Делот 2 погоре е ослободена од материјално погрешни прикажувања. Ние не преземаме никаква одговорност во однос на извештаите кои претходно ни беа дадени, а во врска со финансиските информации користени за односната предметна материја.

Нашето друштво, Грант Торнтон ДОО, ги применува Меѓународните стандарди за контрола на квалитет 1 „Контрола на квалитет за друштва кои изведуваат ревизии и прегледи на финансиски извештаи и други ангажмани за изразување на уверување и сродни услуги“, како национален стандард за контрола на квалитет. Следствено на ова, ние водиме сеопфатен систем за контрола на квалитет кој вклучува документирани политики и процедури во однос на усогласеноста со етичките барања, професионалните стандарди и применливите законски и регулаторни услови.

Ние постапувавме согласно барањата за независност и етика на Меѓународниот етички кодекс за професионални сметководители (вклучувајќи ги и Меѓународните стандарди за независност) на Меѓународниот одбор за етички стандарди за сметководители (IESBA), кој се темели на основните начела на интегритет, објективност, професионална компетентност и должно внимание, доверливост и професионално однесување, како и друга независност и етички услови кои се однесуваат на ангажманот за изразување на одговорност во нашата држава.

## 5. Резиме на изведената работа

Избраните процедури зависат од нашето расудување, вклучувајќи и проценка на ризиците за материјално погрешните изнесувања во однос на податоци и информации кои се значајни за проценката на усогласеноста на трансакциите на Друштвото со заинтересираната страна, а во врска со регулаторните услови, без оглед дали станува збор за измама или грешка. При проценката на овие ризици, ја зедовме предвид внатрешната контрола која е релевантна за подготовката на овие податоци и информации, а со цел да изведеме процедури за изразување на уверување кои се соодветни за околностите, но не за цели на изнесување на мислење во врска со ефективноста на внатрешната контрола.

Нашите процедури го вклучуваа конкретно следново:

- Читање на содржината и разбирање на природата, опсегот и условите поврзани со трансакциите кои се утврдени во Одлуката на акционерите за одобрување на трансакции со заинтересираната страна, а во врска

со купопродажба на цемент, шармал и петролеум кокс, како и релевантните договори и односни анекси идентификувани во Делот 1 погоре;
- Интервју со раководството одговорно за изработката на Одлуката за одобрување на трансакциите со заинтересираната страна, како и релевантните договори и односни анекси со заинтересираната страна;
- Преглед и анализа на ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за годината која завршува на 31 декември 2022 и идентификување на релевантните податоци и информации кои се однесуваат на трансакциите на Друштвото со заинтересираната страна;
- Преглед и анализа на податоците и информациите кои се однесуваат на производствените трошоци и режиски трошоци, а во врска со трансакциите со заинтересираната страна утврдени во привремените финансиски извештаи за Друштвото за периодот 01.01.2023-31.08.2023;
- Утврдување на вредноста на кумулативните трансакции со заинтересираната страна согласно утврдените критериуми и врз основа на усвоените методи;
- Доказно тестирање на селективна основа за придружната документација која се однесува на трансакциите со заинтересираната страна, како и останатите неповрзани комитенти за периодот јануари – август 2023;
- Пресметка на односите и податоците кои се релевантни за да се пресмета и оцени усогласеноста со критериумите утврдени во односните регулаторни одредби;
- Споредба и анализа на воспоставените цени на готовите производи кои се предмет на договорите за купопродажба и утврдување дали цените се правични и релевантни за слободниот пазар.

Следните методи се користат за евалуација на регулаторната усогласеност на трансакциите со заинтересираната страна:

*Метод на трансакциска нето маржа (TNMM)*

TNMM ја разгледува маржата на нето добивка која одреден субјект ја остварил во трансакција или трансакции со односен субјект и ја споредува со нивото на маржа утврдено од страна на истиот субјект при трансакции со независни субјекти или маржата која е утврдена на споредливи трансакции од страна на независни субјекти.

Трансакциската нето маржа се добива со одземање на трошоците направен од бруто приходот (вклучувајќи режиски трошоци кои треба да се одземат согласно уделот на бруто приходот од дадена трансакција во вкупно бруто приходот).

TNMM ја претставува добивката (користа) од нагласувањето на функциите и преземените ризици од страна на испитуваната страна, а истовремено претставува и најтолерантниот метод во поглед на разликите кои може да постојат кај ваквите изведени функции и преземени ризици од страна на испитуваната страна и споредуваните субјекти,

Покрај ова, ова е метод кој е помалку погоден со потенцијалните разлики во поглед на сметководствените стандарди врз основа на кои финансиските информации за потенцијално споредливите субјекти може да се изготват, а притоа доведувајќи до најсигурни резултати.

Во однос на гореизнесеното, TNMM беше избран како најсоодветниот метод за испитување на усогласеноста на трансакцијата која подлежи на разгледување.

*Метод на споредливи неконтролирани цени (CUP)*

Со цел да се оцени усогласеноста на трансакцијата на сивиот цемент, шармал и микронизиран петролеум кокс (MPC) на УСЈЕ со Шаррцем, се примени интерниот методот на CUP со оглед на фактот што Усје ги има продадено истите производи како на поврзаните така и на неповрзаните страни согласно споредливи услови за време на финансиската година која подлежи на разгледување.

Гореспоменатиот метод може да се применува под услов да е исполнет еден од следниве услови:

- Вклучени се два независни субјекти во процесот на продажба на истите предмети како оние кои Усје му ги продава на Шаррцем и согласно споредливи услови (надворешен CUP).

- Согласно споредливите услови Друштвото Усје ги обработува и продава истите производи на Шаррцем и на трети независни субјекти (внатрешен CUP).

- Согласно споредливите услови заинтересираната страна Шаррцем Ш.П.К. ги купува истите производи од Усје и од трети независни добавувачи (внатрешен CUP).

Примената на гореспоменатите методи и евалуација на постигнатите резултати се дополнително прикажани во Додатокот 1.

Ревидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2022, како и привремените финансиски извештаи до 31 август и односните финансиски податоци и информации не беа ревидирани од наша страна во смисла на Меѓународните ревизорски стандарди. Постапките кои ние ги изведовме не претставуваат ниту ревизија ниту преглед на овие финансиски извештаи, па оттаму ние не сме одговорни за разгледувањето или ревидирањето на овие извештаи или мислења во поглед на банкарските историски финансиски информации.

Нашите постапки беа единствено насочени кон прибирање на докази дека трансакциите на Друштвото со заинтересираната страна се во согласност со применливите регулаторни барања посочени погоре. Целта на нашиот ангажман не беше да се процени дали овие податоци и информации во однос на трансакциите се доволни, ниту да се процени точноста и интегритетот на содржаните информации, а особено во однос на обелоденетите износи, вкучувајќи и, доколку има, прогнози направени за изминати години, бројки, датуми, анализи, методи на распределба и усогласеност со релевантните регулативи.

Нашите постапки се исто така дел од проценката за тоа дали предметната материја на ангажманот е соодветна и дали усвоените критериуми се соодветни за дадените околности.

## 6. Инхерентни ограничувања

Постојат инхерентни ограничувања кои може да произлезат од неможноста да се влијае или да се контролира деловното опкружување, ефективноста на системот на внатрешни контроли, вклучувајќи ја и можноста за човечка грешка и избегнување на контроли. На пример, имајќи ја предвид нивната природа, контролите може да не го спречат или препознаат неовластениот пристап до системи и информации, како и непостигнувањето на усогласеност со внатрешните и надворешните политики или барања.

## 7. Заклучок

Нашиот заклучок е донесен врз основа на и е предмет на прашањата изнесени погоре, па оттаму треба да се прочита заедно со овие прашања.

Ние сметаме дека доказите кои ни беа обезбедени се доволни и соодветни за да дадат основа за нашиот заклучок.

Нашето мислење е дека трансакциите на Друштвото УСЈЕ АД Скопје со заинтересираната страна Шаррцем Ш.П.К., кои се темелат на усвоената Одлука на акционерите за одобрување на трансакции со заинтересираната страна, а во врска со купопродажба на цемент, шармал и петролеум кокс, како и поврзаните договори и анекси идентификувани во Делот А погоре се:

- Изведени во согласност со владејачките регулативи во Република Северна Македонија;
- Трансакцијата со заинтересираната страна е правична, односно вредноста на трансакцијата е утврдена согласно пазарните услови;
- Нема утврдена непропорционалност на заедничките придобивки на страните;
- Нема никакви други факти и околности кои би претставувале основа за предизвикување штета со давање на препорака на малцинските акционери за тоа дали да ја поддржат зделката со заинтересираната страна.

## 8. Препорака

Согласно погореизнесеното, нашата препорака за малцинските акционери на Друштвото е да ја поддржат трансакцијата со заинтересираната страна на средбата на Собранието на акционери, чија одлука претставува дополнителен услов за изведување на оваа трансакција и делегирање на овластувањето за нејзината имплементација на одговорните лица од Друштвото.

Оваа препорака произлегува од гореизнесените информации и е во врска со одредбата од Член 3 на Регулативата со која се изменува и надополнува Регулативата во однос на содржината и формата на мислењето дадено од страна на

Grant Thornton DOO is a member firm of Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL and the member firms are not a worldwide partnership. GTIL and each member is a separate legal entity. Services are delivered by the member firms. GTIL does not provide services to clients. GTIL and its member firms are not agents of, and do not obligate, one another and are not liable for one another's acts or omissions.

овластениот ревизор во постапката за одобрување на трансакцијата со заинтересирана страна во друштво чии акции котираат на берзата (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 182 од 21 октомври 2015).

## 9. Ограничување во однос на употребата и дистрибуцијата

Нашиот ангажман беше да донесеме заклучок за разумно уверување во врска со односната предметна материја пред раководството на Цементарница УСЈЕ АД Скопје во согласност со целите на нашиот ангажман и нема да се користи за ниедна друга намена. Ние не прифаќаме и не преземаме одговорност кон која било страна која не е правното лице, а во врска со нашето работење, нашиот извештај или заклучокот кој го имаме донесено.

| | |
|---|---|
| Управител | Овластен ревизор |
| Марјан Андонов, с.р. | Марјан Андонов, с.р. |

Грант Торнтон ДОО, Скопје

Скопје, 30.09.2023

***<u>Преведено за потребите на Цементарница УСЈЕ АД Скопје</u>***

Grant Thornton DOO is a member firm of Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL and the member firms are not a worldwide partnership. GTIL and each member is a separate legal entity. Services are delivered by the member firms. GTIL does not provide services to clients. GTIL and its member firms are not agents of, and do not obligate, one another and are not liable for one another's acts or omissions.